РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
БР. 0201-96/VI-4.1
10.09.2007 година

Врз основа на член 46 од Статутот на Шумарски факултет-Скопје, и член 43 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет-Скопје, на VI-та седница одржана на 10.09.2007 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

I

Согласно рецензијата објавена во Билтен бр.924 од 13.07.2007 година, за наставник на наставната програма – **уредување на шумите**, по наставните предмети: уредување на шуми, растеж и прираст на шумите, многуфункционално стопанисување со шумите и дендрометрија, избран е **проф.д-р Панде Трајков**, во звање – **редовен професор**, за време од 5 години.

II

Оваа одлука ќе се применува од 14.01.2008 година.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Коле Василевски

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Билтен број 924**
**Скопје, 13 јули 2007 година**

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА, ПО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА УРЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, ЗА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ: УРЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, РАСТЕЖ И ПРИРАСТ НА ШУМИТЕ, МНОГУФУНКЦИОНАЛНО СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ И ДЕНДРОМЕТРИЈА, НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, врз основа на член 46 од Статутот на Шумарскиот факултет во Скопје, и член 30 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата III седница одржана на 4.6.2007 година, донесе одлука бр. 0201-96/III-2.1 со која нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања, по наставната програма Уредување на шумите, по предметните програми: уредување на шумите, растеж и прираст на шумите, многуфункционално стопанисување со шумите и дендрометрија.

По прегледот на поднесената документација, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурс за наставник по наставната програма Уредување на шумите, за наставните предмети: уредување на шумите, растеж и прираст на шумите, многуфункционално стопанисување со шумите и дендрометрија, на Шумарскиот факултет во Скопје, објавен во весникот ВРЕМЕ од 23.5.2007 година, се пријави само еден кандидат и тоа д-р Панде Трајков, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје.

Стручна биографија на кандидатот д-р Панде Трајков

**Датум и место на раѓање**

11.11.1963г., с.Иловица, Струмица

**Образование**

| | |
|---|---|
| 1997 | Шумарски факултет, Скопје; доктор на шумарски науки, докторска дисертација: "Зависност на производноста од составот на насадот во мешаните буково-црноборови насади во источниот шумски реон на Република Македонија". |
| 1992 | Шумарски факултет, Скопје; магистер на шумарски науки, магистерски труд: "Влијание на круната врз прирастот во горуновите насади на Огражден". |
| 1988 | Шумарски факултет, Скопје; дипломиран шумарски инженер. |
| 1982-1983 | Исполнување на воена обврска |
| 1978-1982 | Средно образование, гимназија "Јане Сандански", Струмица |

црн бор на слични услови на месторастење, да се користи репродуктивен материјал со беровска провениенција.

**Kolevska, D.D., Trajkov, P., Terziska, M., Grazhdani, N.,** Quality and growing features of austrian pine (Pinus Nigra Arn.) seedlings of various production technologies, , International Scientific Conference In occasion of 60 year of operation of Institute of Forestry, Belgrad, Serbia, 8-10 November, 2006, D. Milanovac, Serbia.

Во трудот се анализирани растежните карактеристики на садници од црн бор, произведени по различни расаднички технологии (контејнерски - Паперпот, Јукосад, Пиросад; класични садници - сејанци, класични садници - сејанци со подрежани корени, пресаденици). Подобри апсолутни вредности на параметрите на надземниот дел имаат контејнерските садници; меѓу нив Пиросад садниците манифестираат најдобри карактеристики и на надзмениот дел и на кореновиот систем. Пресадуваните садници имаат најдобри релативни карактеристики. Во трудот се проучувани и корелации меѓу одредени растежни карактеристики на садниците. Извршените проучувања даваат придонес за подобро разбирање на растежот и развојот на садници и можности за управување со производните технологии.

**Вонндставни активности:**

Во периодот од 2000 до 2004 година бил продекан по настава на Шумарскиот факултет во Скопје.

Организирал:

-интензивен семинар на тема: „Одбрани поглавја од одржливо стопанисување со шумите", 15 - 18 февруари 2005 година, ШФС (заедно со Кирил Сотировски)

Стручни проекти:

-учествувал во изработката на 3 (три) стручни проекти (Планови за стопанисување со шуми) од кои во 2 (два) како раководител.

Експертизи:

-како надворешен соработник на Бирото за судски вештачења, од 2002 година до денес, има изготвено 4 (четири) експертизи.

Членство во стручно професионални организации:

1. IUFRO (International Union of Forest Research Organisations)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во врска со изнесените податоци за кандидатот д-р Панде Трајков, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје, може да се констатира дека во досегашната работа покажал особен интерес и резултати во педагошката, научната и апликативната дејност. За областа и предметите за кои конкурира има солидно познавање стекнато преку редовниот и постдипломскиот студиум, како и преку успешно одбранетата докторска теза. Досегашниот ангажман во наставата и бројните научни и стручни трудови од областа уредување на шумите, се аргументи кои недвосмислено зборуваат за неговиот квалитет како универзитетски професор.

Имајќи го сето тоа предвид, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Панде Трајков, вонреден професор на споменатиот Факултет, да биде избран во звањето **редовен професор** по наставната програма Уредување на шумите, по предметните програми: уредување на шумите, растеж и прираст на шумите, многуфункционално стопанисување со шумите и дендрометрија.

Рецензентска комисија

1. Проф.д-р Петруш Ристевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.

2. Проф.д-р Блажо Димитров, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.

3. Проф.д-р Димитар Иванов, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, во пензија,с.р.